Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на ДТПТ ЈОКИ КОМЕРЦ Атанас ДООЕЛ с. Брвеница, Брвеница УП2 09-248/23 од 28 септември 2023 година против недонесување на акт по поднесено Барање за надомест на штета од 2.070.82,00 денари поради прекин во испораката на електрична енергија во Фарма Долнени доставено до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Известувањето за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2053/1 од 6 октомври 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ДТПТ ЈОКИ КОМЕРЦ Атанас ДООЕЛ с. Брвеница, Брвеница до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-248/23 од 28 септември 2023 година против недонесување на акт по поднесено Барање за надомест на штета од 2.070.82,00 денари поради прекин во испораката на електрична енергија во Фарма Долнени.

Според Електродистрибуција (понатаму: ЕД) – прекинот е настанат поради виша сила, при што ЕД нема обврска за надомест на настанатата штета.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 19 октомври 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-248/23 од 28 септември 2023 година;
2. Дополнителни докази од Електродистрибуција 9 октомври 2023 година со прилог:

-Известување за одбивање на барање за надомест на штета бр. 03-2053/1 од 6 октомври 2023 година

-Барање за надомест на штета од 31 август 2023 година

-Извештај за прекини во високонапонска и среднонапонска дистрибутивна мрежа на 2 јули 2023 година

-Записник за отстранување на дефект од 2 јули 2023 година

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни.

На седница одржана на 1 ноември 2023 година беа изнесени следните наводи:

Жалителот потенцира дека секој пат кога ќе заврне дожд, по 2 до 3 саати неговиот објект е исклучен од напојување односно има прекини. Никогаш немало толкав проблем како сегашниот и поради тоа е поднесен приговорот.

Се работи за прекин кој траел 14 саати, поради што се угинати 3860 кокошки-несилки., за што се побаруваат 2.070.882,00 денари.

Исто така, на истиот далекувод има уште 5 компании со кои го делат истиот проблем во однос на прекините.

Како доказ, на 26 октомври 2024 година во прилог се доставени следните дополнителни документи:

-Записник од извршен инспекциски надзор ИП бр. 24-1556 од Сектор за инспекциски надзор, Агенција за храна и ветеринарство на РСМ од 2 јули 2023 година

-Вешт наод и мислење СВ бр. 132/1/2023 за извршено вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење од вешто лице Трајанче Јованоска

-Вештачење од област ветеринарство од вешто лице Никола Михајловски

Според ЕД - вкупното времетраење на трите прекини е 93 минути согласно добиени записници и извештаи од диспечерски центар. Потенцираат на фактот дека дента имало невреме а се работи за воздушна мрежа и често се случува да има дефект поради допир на жиците со гранки итн.

Поради невремето, бил оштетен среднонапонски изолатор, за кој штетата е санирана согласно Записник за отстранување на дефект од 2 јули 2023 година.

На седницата се заклучи ЕД да достави детални податоци од броилата на неколкуте компании во реонот, при што на 5 декември 2023 година беше доставен одговор.

Потоа, на седница одржана на 26 декември 2023 година Приговорот повторно се разгледуваше и заклучи Електродистрибуција да достави детален преглед за отчитувањето од броилата - извештај по часови, за три дена пред и три дена по датумот на настанатиот прекин, при што на 25 јануари 2024 година побараните докази беа доставени и на седница од 20 февруари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 12 од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 140/23, 169/23) (во понатамошниот текст: Правила), барањето за надомест на штета се поднесува како:

1) барање за исплата на стандарден надоместок на штета или
2) барање за надоместок на штета настаната врз имотот на потрошувачот поради намалена испорака или прекин на испорака на лектрична енергија.

Согласно член 14 од Правилата, потрошувачот има право да поднесе барање до операторот за исплата на стандарден надоместок на штета во случај на ненајавен прекин во испораката на електрична енергија или во случај кога најавениот прекин ќе трае подолго отколку што е наведено во најавата за прекинот.

Согласно член 15 од Правилата, стандардниот надоместок на штета се определува како процент од вкупниот надоместок за користење на соодветниот систем што го платил потрошувачот во претходните 12 месеци на следниот начин: 10% за првите 6 часа по истекот на времето утврдено во

членот 14 став (2) и 20% за секои следни започнати 24 часа по првите 6 часа, при што вкупниот стандарден надоместок на штета не може да го надмине износот од 50% од вкупниот надоместок за користење на системот што го платил потрошувачот во последните 12 месеци пред моментот на настанување на штетата.

Членот 13 од Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на РСМ" бр. 140/23, 169/23) (во понатамошниот текст: Правила) гласи:

(1) Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност на штета, односно ако штетата настанала поради:

1) прекин предизвикан од повратно влијание на уредите на потрошувачот врз соодветниот систем, или

2) дејствија на трети лица кои не се ангажирани од операторот, или

3) виша сила, односно настани и состојби утврдени во членот 7 став (1) од овие Правила, или настани и состојби утврдени во Договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои претставуваат основа за ослободување на операторот од одговорноста за штета, или

4) планиран прекин, а за тоа снабдувачот, односно потрошувачот:

- биле известени од страна на операторот на соодветниот систем на начин утврден со соодветните мрежни правила,
- биле известени за промената на терминот во кој ќе има прекин на начин утврден со соодветните мрежни правила, или
- терминот за планираниот прекин бил претходно усогласен со усогласен со потрошувачите на кои, согласно правилата за снабдување со електрична енергија и соодветните мрежни правила, не смее да им се прекине електричната енергија, или потрошувачите на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес.

Согласно член 88 од Мрежните правила, во случај на прекин на испораката на електрична енергија поради дефект, ОДС пристапува кон постапка за утврдување и лоцирање на дефектот и треба да воспостави повторна испорака во најкраток можен рок, а во случај на лоши временски услови и тешко пристапни терени, прекинот може да биде и подолготраен при што ОДС ќе ги информира корисниците за причините на прекинот и за очекуваното траење на неговото отстранување преку центри за информирање.

Согласно член 89 став (1) точка 1) од Мрежните правила, непланираните прекини, според причините кои ги предизвикале, се категоризираат, меѓу останатите, и на прекини од виша сила.

Во конкретниот случај, а видно од записникот за отстранување на дефект на ЕД, на 2 јули 2023 година имало испад на 10kW СН извод фарма Мажучиште поради силен ветер, силен дожд и атмосферско празнење, по што дошло до дефект на надземен вод и бил оштетен СН изолатор. Дефектот бил саниран истиот ден односно на 2 јули 2023 година, па оттука ЕД постапил во рамки на неговите законски надлежности и обврски.

Имајќи го предвид фактот дека согласно член 30 став (2) алинеја 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови за надоместок на штета која не надминува 50.000 евра во денарска противвредност, а согласно член 31 став (2) алинеја 1 од истиот закон, основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во граѓански и трговски

работи за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд, како и тоа дека општите правила за надомест на штета се подетално уредени во Законот за облигационите односи и штетата која корисникот во износ од 2.070.882,00 денари, Регулаторната комисија за енергетика нема законска надлежност согласно Законот за енергетика* и подзаконските прописи донесени врз основа на истиот да одлучува по предметното барање и за предмениот износ и го упатува барателот да се обрати пред надлежен суд.

Во врска со надоместок на штетаа, се упатува барателот да го оствари своето барање за надомест на штета во парнична постапка пред надлежен суд согласно општите правила за надомест на штета.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Известување, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр. 09–248/23**
**8 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**